**МЕД** МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

# ИНФОРМАТОР #27

Јуни 2015

## Годишна средба на членовите на МЕД

40-тина членови на МЕД се собраа на заедничко дружење на Пониква, Осоговски Планини, на 16 мај. На средбата беа презентирани актуелните активности на МЕД и промените во неговата организациска структура. Покрај претставувањето на работата на МЕД и можностите за активно вклучување на членовите во различните секции и активности на друштвото, членовите имаа можност да прошетаат по *патеката на клукајдрвчето*.



# Проширување на знаењата за балканскиот рис на деца од неколку основни училишта во Националниот парк „Маврово“



МЕД во соработка со наставниот кадар на основните училишта од Маврови Анови, Ростуше, Требиште и Велебрдо, спроведоа едукативни активности поврзани со балканскиот рис. Во активностите беа вклучени околу 280 деца на возраст од 6 до 14 години. Целта на овие активности беше да се подобрат и прошират знаењата на децата за овој загрозен вид. Трите различни активности содржани и спакувани во интересен едукативен пакет, меѓусебно се надополнуваа, со цел да создадат целосна и јасна слика за балканскиот рис. Истите беа спроведени во две последователни посети во секое од училиштата во текот на мај.

При првата посета беа организирани предавања за важните информации за рисот прилагодени на возраста на децата. Потоа следеа часови наменети за решавање задачи и прашања од работната тетратка и прошетката во природа, како активности кои придонесоа кон утврдување на наученото. Тимот на МЕД демонстрираше дел од вообичаените теренските истражувања.

Резултатите и искуството од спроведените активности покажаа дека децата не само што го препознаваат овој вид како ретко и загрозено животно во Македонија, туку покажаа и огромен интерес за натамошно продлабочување на знаењата и изразија загрижсност за неговиот натамошсн опстанок. Ова само го потврдува фактот дека МЕД, преку вака одбраниот едукативен пакет, успева во поттикнување на поинаков начин на размислување на децата за животната средина и природата, создавање на чувство на лична одговорност кон животните, забележување и доживување на специфичностите и богатството на природата. Спроведувањето на овие активности и во други училишта ќе следува со почетокот на следната учебна година.




Контакт: Светлана Пејовиќ
*arsovska@mes.org.mk*




# Спроведено е четвртото систематско истражување со фото замки во НП „Маврово“

Годинава, во периодот 15 март – 13 мај 2015, тимот за заштита на балканскиот рис од МЕД во соработка со националниот парк „Маврово“ го спроведе четвртото систематско истражување со фото замки на територијата на паркот. Главна цел на истражувањето беше да се процени бројот и густината на популацијата на балкански рис во НП „Маврово“ и околината, како и да се види трендот на популацијата преку споредба со резултатите од претходните 3 истражувања. Вкупно беа поставени 60 фото замки на 30 различни локации на површина од 332 км². Фото замките беа проверувани на секои 10 дена, за утврдување на нивната исправност, проверка на слики, промена на батерии итн.

Истражувањето резултираше со вкупно 37 фотографии на балкански рис од 11 различни локации во паркот. Со првичната визуелна идентификација преку споредба на сликите утврдено е дека фотографиите се добиени од 8-9 различни, возрасни единки на балкански рис, што е воедно и минималниот број на единки присутен во паркот и неговата околина. Планирано е статистичката проценка на бројноста и густината на популацијата да се направи до крајот на јуни 2015 година. Освен од балкански рис, добиени се и бројни







фотографии од другиот дивеч присутен во паркот.

За време на истражувањето, тимот од МЕД имаше голема помош од вработените во националниот парк Маврово. Тимот од МЕД е особено благодарен на помошта која ја пружија вработените во ловочуварската служба на паркот, преку нивното активно вклучување во одбирањето на погодни локации, местење и проверка на фото замките. Во реализација на истражувањето, огромна е помошта која ја пружија и дел волонтерите на МЕД.

По повод 10 годишнината од отпочнување на активностите за заштита на балканскиот рис, започна и снимање на кратко документарно видео. Видеото ќе биде снимано во сите четири држави каде се спроведува проектот, а ќе биде завршено во септември 2015 година. Овој краткометражен видео запис е наменет да се прикажува на сите поголеми настани каде ќе бидат претставувани активностите на проектот, со цел негова промоција и подигање на јавната свест.

# Заврши проектот „Подобрување на прекуграничната заштита и развој на планинскиот масив Јабланица-Шебеник преку активна вклученост на локалното население"







Со саем на еколошки производи од пограничните општини во Македонија и Албанија, традиционална музика, видео презентации и традиционална храна беше заокружен прекуграничниот ИПА проект „Подобрување на прекуграничната заштита и развој на планинскиот масив Јабланица-Шебеник преку активна вклученост на локалното население" на 16 април 2015 година во Струга.

МЕД заедно со ППНЕА од Албанија и Еуронатур од Германија го спроведуваше овој проект во текот на минатите 20 месеци, во шест погранични општини во Македонија и Албанија со единствена цел - подигнување на јавната свест за одржливо користење на природните ресурси, негување на традиционалните дејности, но и детектирање на проблемите коишто произлегуваат од прекумерно користење на ресурсите како дрвото, дивечот, водата, лековитите растенија и печурките.

Во рамките на едукативните активности овој проект вклучи повеќе од 200 лица од пограничните општини и од различни целни групи, воспостави добра соработка со општините и доби поддршка од шест градоначалници од Македонија и Албанија за идно правилно управување на прекуграничниот масив Јабланица-Шебеник и соодветна заштита на природните ресурси.

- „Проектот вклучи ученици, професори, претставници на невладини организации, јавни претпријатија и институции и придонесе Јабланица повторно да биде во центарот на вниманието од поглед на заштитата и промоцијата на природните вредности", вели раководителот на проектот од Македонија, Фросина Пандурска-Драмиќанин.

За подобра промоција на проектот и подигнување на јавната свест беа изработени бројни промотивни и едукативни материјали за планинскиот масив Јабланица-Шебеник. На завршниот настан на проектот во Струга учествуваа градоначалниците на општините Струга и Вевчани како и над 100 учесници од Македонија и Албанија.

*Проектот беше финансиран од ИПА програмата за прекугранична соработка со Албанија на Европската Унија.*

Контакт: Фросина Пандурска Драмиќанин
***pandurska@mes.org.mk***

euronATUR

МЕД МЕS

# Проект „Вода за езерата, блатата, изворите и луѓето на планината Јабланица”

**Краткиот триплет на филмови „Ехо од Дрим”**, направен како дел од проектот „Во соживот со реката Дрим”, беше презентиран во Струга на 16 април, во текот на завршниот настан на ИПА прекуграничниот проект „Подобрување на прекуграничната заштита и развој на планинскиот масив Јабланица-Шебеник преку активна вклученост на локалното население“. Кратките филмови го прикажуваат богатиот биодиверзитет во сливот и екосистемските услуги кои ги нуди. Зачувувањето на овој слив не би требало да е оставен само на владините сектори, напротив секој поединец може да придонесе за одржување на неговата витална состојба, преку одржливо користење на ресурсите.



**Одржана работилница за сеопфатно управување со водните ресурси во Лин, Албанија на 28-29 април**

На настанот беа присутни 28 учесници од 18 невладини организации од Македонија, Албанија, Црна Гора и Грција, кои разговараа за предизвиците и проблемите со кои се соочуваат од технички и научен карактер, закони и преговори, едукација и подигање на јавна свест итн. Присутните претставници се согласија дека размената на искуства и преземањето мерки треба да се случува на прекугранично ниво, кое меѓу другото ќе послужи и како мотивација и инспирација за понатамошно делување во заштита на природните богатства. МЕД на настанот ги презентираше досегашните резултати од проектот „Вода за езерата, блатата, изворите и луѓето на планината Јабланица”.



**17 Мај - Денот на реката Дрим!**

МЕД со организацијата Биосфера од Битола спроведоа заеднички настан за прославување на денот на реката Дрим во хотелот Дрим во Струга. Учесници на настанот беа ученици од екоклубот од основното училиште „Ѓорги Сугарев”од Битола, претставници од невладиниот сектор во регионот како и други заинтересирани граѓани. МЕД спроведе обука за основните техники за набљудување на птици и ги запозна присутните со целите, активностите и резултатите од проектот „Вода за езерата, блатата, изворите и луѓето на планината Јабланца”. На настанот му претходеше фото-конкурс, во рамките на кој беа наградени најдобрите фотографии.





CRITICAL ECOSYSTEM PARTNERSHIP FUND

Контакт: Ивана Лозановска
*lozanovska@mes.org.mk*

# Поврзување на луѓето со природата-зајакнување и вмрежување на граѓанските здруженија од Македонија

Последните три месеци од времетраењето на проектот беа одбележани со повеќе активности рсализирани од локалнитс партнери во соработка со МЕД.




Во април се одржа втора средба со калемарите од неколку села од охридско и демирхисарско. Овој пат, средбата беше стручно поддржана од проф. Сашо Арсов од Факултетот за земјоделски науки и храна, оддел за овоштарство. На калемарите покрај теоретски, им беше демонстрирано и практично како да ја подобрат техниката на калемење на старите сорти јаболка и круши, а притоа да не им наштетат на дрвцата, нивните живеалишта и да ја зачуваат автентичноста на пределот.

Патувачката изложба насловена како „Билките од мојот роден крај" после пропатуваните пет локации, ја достигна својата крајна дестинација во мај, кога беше поставена во ЕУ Инфо центарот во Скопје. Тука остана десетина дена и беше посетена од граѓаните, деца и наставници од основни училишта и градинките.



МЕД заедно со неколку членови и волонтери од планинарскиот клуб „Љуботен" од Тетово поставија две информативни табли. Таблите содржат податоци за географските вредности на Шар Планина, топографска мапа на Шара, нејзиното флористичко богатство со опис на неколку видови, како и детали околу атрактивни планинарски тури прикажани картографски. Одбрани беа две локации за овие табли: едната кај најстариот планинарски дом во Македонија – Љуботен каде се опишани три планинарски тури, а соодветно на тоа и растенијата кои можат да се сретнат таму; и другата кај планинарскиот дом на ПК „Љуботен" на Попова Шапка. На оваа табла се опишани турите кои се интересни за посета околу масивот Црипашина, како врвовите Титов Врв, Јелачки Црн Врв, и месноста Лешница.

*Проектот е финансиран од Европската Унија и кофинансиран од Plantlife.*

Контакт: Наталија Мсловска
***angelova@mes.org.mk***

# МЕД потпиша меморандум на разбирање со три невладини организации од полошкиот регион

Со цел заштита и промоција на природните ресурси на Шар Планина како и промовирање на придобивките кои произлегуваат од идно заштитено прекугранично подрачје Шар Планина, МЕД ја зајакна соработката со три невладини организации од тетовскиот регион преку потпишување на меморандум за разбирање.

Меморандумот за разбирање го потпишаа претседателот на МЕД, проф. Славчо Христовски и претставниците на невладините организации Центар за едукација и развој од Теарце, Институт за развој на заедницата од Тетово и планинарскиот клуб „Љуботен" од Тетово.

Ова всушност е формален почеток на локалната акциона група којашто ќе делува во полето на подигнување на јавната свест за разумно користење на природните ресурси на Шар Планина како идно потенцијално заштитено подрачје. Овие организации ќе треба да ја промовираат и иницијативата за прогласување на Шар Планина за национален парк а ќе бидат вклучени и во други активности на МЕД, во рамки на проектот „Зачувување на биолошката разновидност преку одржливо управување со ресурсите на Шар Планина".



Фросина Пандурска Драмиќанин
*pandurska@mes.org.mk*

## Биолошката разновидност на Осогово како тема на Зелената недела во Кочани!



Годинава, *зелената недела* ја одбележа и општина Кочани, во соработка со ЕУ инфо центарот, кој функционира во рамки на општината. Покрај останатите „зелени“ активности, општината предвиди и ден на биолошката разновидност, на кој беше поканетo Македонското еколошко друштво, како организација која веќе осум години работи во регионот, да даде осврт на состојбата со биодиверзитетот на Осоговските Планини. Предавањето се одржа на 25 јуни во општинската сала за состаноци, каде присуствуваа 20-тина заинтересирани лица, а настанот беше и медиумски промовиран на локалните и националните телевизии.

Контакт: Евгенија Јорданова
*jordanova@mes.org.mk*

## Патеката на клукајдрвчето – нема добар крај!



Веќе со години МЕД е активен во осоговскиот регион. Во 2007 година започна проектот „Осоговските Планини во Балканскиот зелен појас“, по кој следеа неколку продолжувања. Пред отпочнувањето на активностите на МЕД, немаше многу познавања за биолошката разновидност на Осоговските Планини, додека денес, таа е една од најдобро истражените планини во Македонија. Како дел од активностите реализирани во овој регион, беа и неколку едукативни активности поврзани со децата. Така, минатата година беше реализирана една од најопфатните едукативни активности за деца, во чии рамки беа одржани низа предавања и игри за деца поврзани со продлабочување на знаењето за вредностите на буковите шуми во основните училишта „Кирил и Методиј“ и „Малина Попиванова“ од Кочани. Воедно беше идентификувана и едукативна „Патека на клукајдрвчето“ на Пониква, која беше поддржана и од општината Кочани и од шумското стопанство во Кочани, како и од повеќе невладини организации кои помогнаа во нејзиното поставување. Истиот ден кога беше официјално отворена патеката, беа поставени и неколку инфо табли на кои се прикажани вредностите на овие планини, како и детали за патеката. На првата прошетка по патеката, повеќе од 200 деца од кочанските училишта ги запознаваа во живо жителите на буковата шума.

Во мај 2015 година, во рамки на средбата на членовите на МЕД која се одржа на Пониква, беше предвидено подобрување на патеката преку поставување таблички и нејзино обележување. Членовите на МЕД ентузијастички размислуваа каде подобро ќе се гледаат и изгледаат табличките. Не стигнавме ниту до половина од патеката, кога видовме дека на старата и долго недопрена букова шума повеќе не ѝ треба патека, зошто си има нов и доста широк ПАТ!

Причините за пробивањето на патот се сѐуште недоволно јасни, но тоа што е јасно – е дека првично воспоставената патека на клукајдрвчето повеќе не може да се користи како алатка за едукација на децата, ниту како потенцијал за туристичко развивање на Пониква во оваа насока. Инаку, како дел од идентификацијата на шуми со висока вредност, која во моментов се спроведува во кочанскиот дел од планината, експертите посочија дека оваа шума ги исполнува критериумите за да биде вклучена во зоната со исклучителна вредност, каде патеката може да послужи за доближување на вредностите на природните букови екосистеми до посетителите и на тој начин да придонесе кон туристичкиот развој на Пониква.

# Прославен денот на штркот во Чешиново!







На иницијатива на општина Чешиново-Облешево, годинава се прослави Денот на штркот на 6 мај во Чешиново. Главни учесници на овогодинешната прослава беа учениците од основните училишта на општината со кои МЕД претходно спроведе едукативни активности поврзани со штркот и неговата миграција. Токму затоа, беа организирани неколку различни едукативни игри во кои штркот има главна улога – патот на штрковата преселба, пренесување на јајцата на штркот, цртање и боење на штркови, набљудување на гнездата и расчистување на околината на гнездата од отпад кој може да ги повреди штрковите.

Учениците настанот го дополнија со музика, танци и многу насмевки.

Општината Чешиново-Облешево планира овој ден да го прославува секоја година на повеќе локации низ општината со што ќе исполнува дел од својата улога како Европско село на штркови.

Сред лето во оваа општина ќе се спроведе и цензус на штрковата популација во која придонес ќе има и локалното население.

Контакт: Ксенија Путилин
***putilin@mes.org.mk***

# Годишна средба на членовите на ПреспаНет


PrespaNet
A NETWORK OF ENVIRONMENTAL NGOs FOR PRESPA
PPNEA
Transboundary Newsletter Issue 2
Dear Friends,
Wetlands: what does it mean? Why is it important for a wetland to be a Ramsar site?

На 7 и 8 мај, во Прилеп беше одржана третата годишна средба на членовите на ПреспаНет. На средбата беше презентирана работата на мрежата за 2014 година и беше изработен годишен план за работа за 2015 година.

Презентирана и прегледана беше и првата работна верзија од прекуграничната стратегија за заштита на Преспа, проследена со дискусија за различни делови од стратегијата, задачите и зацртаните цели. На средбата беше дискутирана и Стратегија за комуникација на трите организации и беа презентирани едукативните активности спроведени во трите земји кои го делат преспанскиот регион.

Овој стратешки документ и заедничките меѓугранични активности ќе придонесе кон исполнување на зацртаната визија на мрежата за унапредување на природните вредности на преспанскиот регион во полза на природата и населението.

Дел од активностите на мрежата е прекуграничниот информатор чие второ издание на тема *Вода и водни живеалишта* беше издадено и дистрибуирано во трите земји. Темата на ова второ издание имаше за цел да ја подигне свеста на локалното население за значењето и вредноста на водните живеалишта и Рамсарската конвенција.









На прославата по повод обележување на меѓународниот ден на биолошката разновидност, организирана во Стење, Ресен, свечено беше пуштена во употреба првата мониторинг станица за испитување и следење на квалитетот на водите на Преспанското Езеро. Мониторинг станицата е дел од проектот „Заштита на Преспанското Езеро“ на Владата на Швајцарија и УНДП во партнерство со општина Ресен.

На настанот, со поздравен збор се обратија градоначалникот на општина Ресен, г-нот Ѓоко Стрезовски, г-нот Нурхан Изаири, министер за животна средина и просторно планирање, г-ѓа Луиза Винтон, постојан претставник на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и г-нот Стефано Лазарото, амбасадор на Швајцарија во Македонија.

МЕД учествуваше со презентација за богатата биолошката разновидност на Преспа и промоција на прекуграничната ПреспаНет. Дел од настанот беше и поставената изложба на нашиот член, уметникот Кристина Зимбакова под наслов „Микориза“ во дворното место на станицата.

Контакт: Даниела Заец
***zaec@mes.org.mk***